Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Педагошка Служба - Shërbimi Pedagogjik
Бр.-Nr. 26-1056/1
23-08-2025 год.-viti
Скопје-Shkup

Врз основа на член 12 став (2) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" број 3/25 и 74/25), Министерството за образование и наука – Педагошка служба, објавува

**КОНКУРС**
**за учебници во основно образование**

## 1. ОПШТИ УСЛОВИ

**Нарачател**: Министерство за образование и наука - Педагошка служба

**Предмет на Конкурсот за учебници**: Прибирање понуди за ракописи за учебници за одобрување и издавање по еден учебник за следните наставни предмети:

- **Македонски јазик за VIII одделение** во основно образование;
- **Албански јазик за VIII одделение** во основно образование;
- **Турски јазик за VIII одделение** во основно образование;
- **Српски јазик за VIII одделение** во основно образование;
- **Босански јазик за VIII одделение** во основно образование;
- **Македонски јазик за учениците од другите заедници за VIII одделение** во основно образование;
- **Математика за VIII одделение** во основно образование;
- **Биологија за VIII одделение** во основно образование;
- **Хемија за VIII одделение** во основно образование;
- **Физика за VIII одделение** во основно образование;
- **Географија за VIII одделение** во основно образование;
- **Граѓанско образование за VIII одделение** во основно образование
- **Албански јазик (јазик на заедницата) за VIII одделение** во основно образование и
- **Албански јазик (изборен предмет) за VIII одделение во основно образование - во еден учебник со Албански јазик (јазик на заедницата) за VI одделение** во основно образование.

**Напомена:** Согласно наставните програми за наставните предмети Албански јазик (изборен предмет) за VIII одделение во основно образование и Албански јазик (јазик на заедницата) за VI оддление во основно образование треба да се изготви еден учебник и истиот ќе се користи од страна на учениците во зависност од нивната определба во кое одделение ќе започнат со изучување на Албанскиот јазик.

1.1. Право на учество на Конкурсот за учебници имаат издавачите на учебници во Република Северна Македонија кои ќе ја достават потребната документација пропишана во член 13 од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" број 3/25 и 74/25).

1.2. Конкурсот е јавен, отворен и анонимен.

1.3. На конкурсот може да учествува издавач на учебник само со еден ракопис за учебник за еден наставен предмет.

1.4. Автор на учебник не може да биде вработен во Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образование, Педагошка служба, Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, Државниот просветен инспекторат, Центарот за развој на стручно образование, Државниот испитен центар, Центарот за образование на возрасните и Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците, претседател, заменик-претседател и член на Националната комисија за учебници за основно и средно образование, како и член на рецензентската комисија.

1.5. Ракописот за учебник се изработува според наставниот план и наставната програма за соодветното одделение, наставниот предмет и Концепцијата за изработка на учебник.

1.6. Ракописот за учебник треба да ги исполнува условите и стандардите согласно со Концепцијата за изработка на учебник.

1.7. Ракописот за учебник се доставува во 5 (пет) примероци во печатена форма и 1 (еден) примерок во електронска форма (CD/USB), ликовно и графички разработен и јазично уреден.

1.7.1. Ракописот за учебник не смее да содржи фотографии, илустрации и содржини преземени од трети лица за кои издавачот нема обезбедено авторски права за користење на истите.

1.7.2. Ракописот за учебник не смее да содржи рекламни пораки, огласи или содржини кои промовираат дискриминација по која било основа за дискриминација предвидена во Уставот на Република Северна Македонија.

1.8. Издавачите, ракописите за учебници ги доставуваат на македонски јазик и неговото кирилско писмо, а ракописите за учебниците за предметите: Албански јазик; Турски јазик; Српски јазик; Босански јазик; Албански јазик (јазик на заедницата), Албански јазик (изборен), ги доставуваат на јазикот и писмото на кои се изведува наставата.

1.9. Правата и обврските помеѓу издавачот и Министерството за образование и наука, меѓусебно се уредуваат со договор.

**2. РОКОВИ**

2.1 Рок за доставување на ракописите за учебници е заклучно со 23.01.2026 година.

**3. КОНКУРСНА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

3.1. Конкурсната документација ги содржи: Наставниот план и програма за соодветното одделение, предмет, Концепцијата за изработка на учебник и Законот за учебници за основно и средно образование.

3.2. Конкурсната документација може да се преземе во просториите на Министерството за образование и наука - Педагошка служба – ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54 - Скопје или на следните линкови:

https://portal.mdt.gov.mk/post-body-files/koncepcija-za-izrabotka-na-ucebnik-file-jP5c.pdf

https://portal.mdt.gov.mk/post-body-files/zakoni-mon-file-ktR6.pdf

https://www.bro.gov.mk

**4. ДОСТАВУВАЊЕ РАКОПИСИ ЗА УЧЕБНИЦИ**

4.1. Понудите за ракописи за учебници се доставуваат препорачано по пошта или со доставување во писарницата на Министерството за образование и наука - Педагошка служба – ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54 - Скопје, приземје.

4.2. На предната страна на пратката, во горниот лев агол, треба да биде назначено **„НЕ ОТВАРАЈ“** и **„КОНКУРС ЗА ОДОБРУВАЊЕ И ИЗДАВАЊЕ НА УЧЕБНИЦИ“** насловот на ракописот за учебник, одделението, а во средината адресата: **МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА - ПЕДАГОШКА СЛУЖБА, ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54 – Скопје**

4.3. Издавачите во доставениот пакет на кој пишува „НЕ ОТВАРАЈ“ треба да достават ракопис за учебник во 5 (пет) примероци во печатена форма и 1 (еден) примерок во електронска форма (CD/USB), ликовно и графички разработен и јазично уреден и затворен плик на кој исто така пишува „НЕ ОТВАРАЈ“, со следните податоци и документи:
- доказ за регистрирана издавачка дејност од најмалку пет години;
- податоци за телефонски број, електронска адреса и адреса на седиштето;
- точно име и презиме на авторот/ите;
- уверение или диплома за завршено соодветно образование, во оригинал или копија заверена со нотарски печат (авторите кои имаат завршено образование во странство

должни се да доставaт и решение за признавање на странска високообразовна квалификација издадена од Министерството за образование и наука);
- потврда за работен стаж од авторот/ите издадена од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Северна Македонија;
- изјава од авторот/ите дека ги исполнуваат условите согласно член 10 од Законот за учебници во основно и средно образование;
- изјава од авторот/ите дека ракописите се проверени од содржински и технички аспект, дека преземените информации се референцирани и дека не се плагијат;
- доколку името и презимето на авторот/ите се разликува од името и презимето наведени во уверението или дипломата за завршено образование се приложува доказ за истоветноста на податоците;
- изјава за јазично уредување на текстот или потврда за положен испит за лектор (оригинал или копија заверена со нотарски печат);
- изјава од издавачот за обезбедени авторски права за илустрациите во ракописот.

**5. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

5.1. Понудите за ракописи за учебници кои нема да бидат доставени во утврдениот рок и оние што не се изработени согласно условите од овој Конкурс, ќе бидат одбиени/отфрлени.

ДИРЕКТОР,
м-р Роберт Аџипетров